**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Јакимовска**
**именуван за подрачјето на**
**Основните Судови**
**Гостивар и Кичево**
**ул. Никола Тесла бр. 1**
**тел. 042 221-510**

**Образец бр.66**

**И.бр.531/26**

Извршителот **Весна Јакимовска** од **Гостивар** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Билбилоски Перица,** засновано на извршната исправа ОДУ бр. 152/2026 од 10.2.2026 на Нотар Прпарим Реџепи, против должникот **Друштво за посредување, градежништво, производтсво, трговија, транспорт, услуги и изградба ПЛУС ЗЕНГ ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар и Лирим Емини**, за спроведување на извршување , на ден 21.07.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: **Стан на КП.бр.3481 дел.1** ,адреса Гостивар ,намена А2-2, ВЛ.1, КАТ к4, бр.2 ,намена СТ **,површина 55м2**

**КП.бр.3481 дел.1** ,адреса Гостивар ,намена А2-2, вл.1, КАТ к4, бр.2 ,намена ПП **,површина 4 м2** запишана во **имотен лист бр. 102817** при АКН со следните ознаки: **КО Гостивар 1 и**

недвижноста на должникот **Емини Лирим** означена како **9/24 дел** од :

**КП.бр.3483 дел.1 згр 0,**адреса Гостивар ,култура ДВОР , класа 0 ,површина 138,49м2

**КП.бр.3483 дел.1 ,зг 1,**адреса Гостивар ,култура под зграда , класа 0 ,површина 42.45м2

**КП.бр.3483 дел.1 ,зг.2,**адреса Гостивар ,култура з,пом згр , класа 0 ,површина 41.62 м2

запишана во **имотен лист бр. 90858** при АКН со следните ознаки: **КО Гостивар 1** сопственост на должникот **Друштво за посредување, градежништво, производтсво, трговија, транспорт, услуги и изградба ПЛУС ЗЕНГ ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар.**

Продажбата ќе се одржи на ден 19.08.2026_година во 10,00 _часот во просториите на Извршител Весна Јакимовска на ул. Никола Тесла бр. 1 Гостивар.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И. Бр. 531/26 од 10.06.2026 година, изнесува 3.822.534,00_денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Налог по член 166 од ЗИ И. Бр. 531/26. Должникот кој како сопственик домува во продадениот стан, не го задржува правото да домува тука и е должен да го испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно еден ден пред продажба положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200001513764435 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5007007126851.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од _15__дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Јакимовска

Д.-на: доверител преку адвокат, должник

Општина Гостивар, архива на извршител

**Правна поука**: Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Гостивар_ во рок од три дена од денот на приемот на заклучокот, согласно одредбите од член 86 од Законот за извршување.